**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2017 ГОДИНА

април 2017 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, со слично темпо како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, со речиси исто темпо како и во претходниот период.

– Очекувања за вториот квартал на 2017 година: натамошно нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, при нето-олеснување на кредитните услови, но побавно во споредба со очекувањата во претходната анкета.

### Кредити на населението

– Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување на вкупните кредити, со послабо темпо во однос на претходната анкета, пред сè како резултат на помалото нето-олеснување кај потрошувачките кредити.

– Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити, наспроти нето-зголемување во претходната анкета.

– Очекувања за вториот квартал на 2017 година: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со посилна динамика во споредба со очекувањата од претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: непроменети услови за одобрување вкупни корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, со малку посилна динамика во однос на претходната анкета.

– Очекувања за вториот квартал на 2017 година: нето-олеснување на вкупните кредитни услови со значително посилна динамика во споредба со очекувањата од

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, со послаба динамика споредено со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на населението, со послабо темпо во однос на претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2017 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при очекувања за натамошно зголемување на побарувачката на кредити, со умерено послабо темпо.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови за вкупните корпоративни кредити, наспроти непроменетост во претходниот период.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатија, наспроти непроменета побарувачка во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2017 година: нето-заострување на кредитните услови на вкупните корпоративни кредити, при нето-намалување на побарувачката на кредити.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на кредитните услови за одобрување на вкупните кредити, наспроти непроменетите услови во три анкети.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со значително послабо темпо споредено со анкетата во претходниот квартал.

- Очекувања за вториот квартал на 2017 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката, со посилно темпо споредено со претходната анкета.